# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2023

**ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАЧУВУВАЊЕ НА ДЕЛОТО НА АНТЕ ПОПОВСКИ АНТЕВО ПЕРО СКОПЈЕ**

**Февруари, 2024 година**

# СОДРЖИНА

ЗА НАС........................................3

ПОРАКА ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ………….5

РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ ВО 2023 ГОДИНА……………………………..…….7

ФИНАНСИСКИ ПРЕГЛЕД…………………20

# ЗА НАС

Здружението за зачувување на делото на Анте Поповски АНТЕВО ПЕРО Скопје е доброволно, непрофитно, невладино, непартиско здружение, формирано со слободно здружување на граѓаните заради остварување, заштита и усогласување на своите интереси и уверувања за промоција и зачувување на целокупното дело и оставнината на македонскиот писател, есеист и културен деец Анте Поповски. Здружението е основано на 22.03.2022 година, а на 20.04.2022 година е впишано и во Регистарот на здруженија и фондации.

**Нашата визија:** АНТЕВО ПЕРО е граѓанска организацијакоја на национално и интернационалнониво самостојно или пак во партнерство и соработка со заинтересираните граѓани, асоцијации и институции во општеството и пошироко, организира и ќе организира настани на кои се негува, чува и промовира делото на поетот, есеист и културен деец, академик Анте Поповски.

**Нашата мисија е**: промоција и зачувување на целокупното дело и оставнината на македонскиот писател, есеист и културен деец, Анте Поповски.

Стратешки цели на Здружението за зачувување на делото на Анте Поповски АНТЕВО ПЕРО Скопје се:

- организација на Меѓународната поетска манифестација „Антево перо“;
- поддршка, промоција и афирмација на млади и талентирани автори;
- воспоставување соработка со институции, организации, здруженија и други фондации и асоцијации од земјата и странство.

Здружението АНТЕВО ПЕРО Скопје го сочинуваат 5 членови-основачи од различни професии и шестмина волонтери. Здружението е раководено од претседател, а во реализација на активностите и содржините пред се во рамките на „Меѓународната поетска манифестација „Антево перо“ за 2023 година беа вклучени и соработници од редот на поранешниот организациски одбор на оваа манифестација, но и други истакнати личности од сферата на културата и образованието.

**Начин на функционирање, вредности и принципи на работа:**

- Интегритет на Здружението, демократија, меѓусебна доверба и соработка;
- тимска работа, градење на одговорност, конзистенстност и компетентност на членовите на Здружението и ангажираните соработнци
- професионалност, респектибилност и квалитет во спроведување на проектните активности,
- информираност;
- организирање и вклучување на младите;
- транспарентност;

- соработка со институциите, организациите, установите, манифестациите и фестивалите од областа на литературата и културата;
- градење партнерства и соработка со други организации, заради остварување на заеднички цели.

# ПОРАКА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ



Драги пријатели,

Пред вас е вториот годишен извештај на Здружението за зачувување на делото на Анте Поповски АНТЕВО ПЕРО. Подготвувањето на овој извештај има нормативна основа предвидена со Законот за здруженија и фондации, но и со Статутот на Здружението. Презентираното во отчетниот документ е остварено со целосен личен и стручен интегритет пред сѐна членовите на Здружението, но и на соработниците, кои покажаа проактивен ангажман, професионалност, високо ниво на одговорност и сплотеност при реализација на активностите предвидени во Програмата за работа на Здружението. Следејќи ги мисијата, визијата и своите стратешки цели, Здружението и во 2023 година се фокусираше на тенденцијата што е можно повеќе да придонесе во заштитата и афирмацијата на македонскиот етнички, јазичен и културен идентитет, преку мотивирање на творечките и креативни способности кај граѓаните и посебно меѓу младите со развивање љубов кон творењето и пишаниот збор. Раководејќи се од позитивна мисла и комбинирајќи ја работата со задоволство, Здружението без оглед на недоволната државна финансиска поддршка, сепак успеа да изнајде начини да реализира дури и некои активности коишто не беа предвидени со годишната програма за работа. Извештајот е сублимиран приказ на активностите кои го отсликаа севкупното функционирање на Здружението, од програмски, финансиски и развоен аспект, но истовремено нуди и одлична можност за анализирање и вреднување од страна на пошироката јавност на оствареното во 2023 година. Доколку ние се прашуваме, зад нас е една успешна година со зголемен обем на работа и испорачани значајни резултати. Но, за да избегнеме секаква, па и најмала, субјективност и во оваа прилика порачуваме дека судот на јавноста е од драгоцено значење за Здружението. Поконретно речено, секоја позитивна и добронамерна сугестија и конструктуивна критика ќе биде разгледана од наша страна со најголемо внимание, со цел евентуалните наши пропусти или недоследности да ги корегираме уште пред почетокот на седмото издание на меѓународната поетско-културна манифестација „Анте Поповски - Антево перо“.

Претседател,

Жорж Поповски

# РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ ВО 2023 ГОДИНА

Здружението за зачувување на делото на „Анте Поповски - Антево Перо“ сиот свој човечки и креативен потенцијал го насочи и вложи во осмислување, предлагање и реализација на  содржините и проектните активности нотирани во Програмата за работа за 2023 година, а кои целосно кореспондираат со основните и стратешките цели содржани во мисијата и визијата. Оттука, сосема разбирливо и ништо поразлично од претходната година, во центарот на вниманието на Здружението беше секој детаљ кој се однесуваше на текот на меѓународната поетско културна манифестација „Анте Поповски –Антево перо“. Манифестацијата ја карактеризираше пообемен список на реализирани настани и традиционални активности кои почнаа да се одвиваат речиси со стартот на годината и течеа во најдобар и посакуван ред сѐ до календарскиот истек на 2023-та година. Во прилог на ова впрочем говорат податоците за нивната масовна посетеност, но и бројните вести, извештаи и осврти објавени во речиси сите позначајни пишани и електронски медиуми, пред, но и по секој одржан настан во организација на нашето Здружение. За тоа каков беше одекот во јавноста на настаните, кои се обврзавме да ги реализираме, впрочем најдобро сведочат огромниот број позитивни коментари објавени на социјалните мрежи. Бездруго, тоа ни дава за право да бидеме задоволни и да речеме дека и овојпат бевме продуктивни и истрајни во нашите заложби да испорачавме квалитетнапрограма која целосно е во согласност со нашето настојување да придонесемеза што поголема афирмација на македонскиот јазик и секако на литературата и културата во пошироки рамки. Во текот на 2023 година, Здружението во пракса реализираше и одредени активности договорени во претходно воспоставена соработка и контакти со други асоцијации и институции од сферата на литературата и културата. Во оваа смисла, Здружението, воспостави и првични контакти со установи кои останува да се конкретизираат и реализираат во иднина. Од тие причини, а пред сѐ што подобро, појасно и попластично да го претставиме и доловиме учинокот и постигањата на Здружението во 2023 година, во овој извештај сите преземени активности ги презентираме хронолошки.

# РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ




Практично на самиот старт на годината (почетокот на февруари 2023) во рамките на манифестацијата „Прличеви беседи“ во Охрид, се случи промоција на аудио-записот на есејот „Душевните очи на Григор Прличев“ од академик Анте Поповски, во интерпретација на актерката Софија Гогова – Врчаковска. На овој чинпретходеа средбите на членот на Здружението Александар Поповски, со Градоначалникот на општина Охрид Кирил Пецаков, како и содиректорот на НУ Библиотека „Григор Прличев“ – Охрид, Милчо Јованоски. Притоа беше разговарано за воспоставување на различни форми на можна соработка, која меѓу другото, би опфатила отворање на изложба на ракописи, книги и фотографии на Анте Поповски, промоција на победничките книги коишто во иднина ќе ја понесуваат поетската награда „Антево перо“, книжевни разговори, но и заеднички поетски читања на наградените автори на Манифестацијата „Антево перо“. Александар Поповски на соговорниците им подари и по еден примерок од споменатиот есеј, кој во 2023 година доживеа своја јавна промоција токму во рамките на чествувањето на 130 годишнината на поетот и преродбеник Григор Прличев во Охрид. Во име на Здружението,Александар Поповски со пригодни зборови и дополнително го поздрави значајниот културен настан организиран во чест на Прличев.




На 10 април, со објава во дневниот весник „Нова Македонија“, со објавување на соопштение до електронските и пишаните медиуми и до порталите, како и преку известување поставено на својата фејсбук-страница, Здружението го распиша Конкурсот за наградата за необјавена поетска книга „Антево перо“ за 2023 година.




„Трката“ за наградата востановена во чест на творештвото на бардот на современата македонска поезија, Анте Поповски и овојпат, предизвика голем интерес, потврдувајќи, по шести пат, дека од аспект на значењето Конкурсот не случајно е приоритетна највисоко позиционирана активност на Здружението. Во предвидениот рок заклучно со 31 јули на Конкурсот за необјавена поетска книга на македонски јазик беа поднесени 73 поетски збирки кои имаа најразличен поетски израз, квалитети и трендовска и жанровска разноликост, од автори кои ја негуваат убавата поетска мисла од Северна Македонија, Италија и Австралија.

## ПРОМОЦИИ НА ЗБОРНИКОТ „АНТЕВО ДЕЛО“ ВО СКОПЈЕ И КУМАНОВО



Во период од неполн месец во Скопје и во Куманово, Здружението организираше и две промоции на Зборникот на трудови поднесени на Меѓународниот научен симпозиум „Антево дело“, одржан во Лазарополе, родното село на Анте Поповски. На овој, втор по ред симпозиум за Антевото творештво, беа презентирани реферати и излагања на еминентни научни работници, лингвисти и писатели преку видео обраќања (поради ковид мерките), во кои се третирани литературни, литературно-теориски, јазични и теми од историјата на уметност и естетика. Во Зборникот се објавени трудови од академик Катица Ќулавкова (член на МАНУ), проф. д-р Ала Шешкен од МГУ „Ломоносов“ од Москва, Руска Федерација, член на МАНУ надвор од работниот состав, проф.д-р Венко Андоновски, дописен член на МАНУ, проф. д-р Кристина Николовска, проф. д-р Емилија Црвенковска, проф. д-р Весна Мојсова Чепишевска, проф.д-р Бојан Ортаков, Филип Фиданоски, (во моментот на печатењето на Зборникот работеше како м-р на Универзитетот на Нов Јужен Велс Кенсингтон Сидней, Австралија, асега е д-р при Универзитетот во Болоња, Емилија-Ромања, Италија), м-р Бранко Цветкоски, м-р Сузана В. Спасовска, м-р Александра Јуруковска и асс. м-р Иван Антоновски.

Првата промоција во спонтана атмосфера и многу емоции, се случи на 22 мај во амбиенталниот простор на Порта Македонија, во Скопје. Освен претставувањето на Зборникот, присутните посетители имаа можност да проследат видео-



материјали со кус рецитал на академик Поповски, но и снимки од негови песни во интерпретација на артистите Софија Гогова Врчаковска и Игор Џамбазов. Низ програмата водеше м-р Камелија Левенска, која и самата даде подолг вовед инспириран од творештвото на Поповски, по што за значењето на Зборникот се осврна промоторот асс.м-р Иван Антоновски.

Во своето излагање за овој заеднички научен труд на повеќе еминентни автори и научници, Антоновски посочи и дека: „Сиот опус на Поповски е едно важно, непрочитано писмо на светлината – на минатото и на времето идно. Зборникот нè



повикува и ни покажува како да го исчитаме. Кога ќе го сториме тоа, во него ќе го најдеме сето она што се длабело низ времето и навистина ќе ја најдеме Македонија. Простата земја од дволичен камен и сонце – онаа што е од грч и од чекање и што ги научи и ѕвездите да шепотат на македонски, а никој не ја знае. Антевата Македонија сочувана во неговото творештво, а сè уште нерастајнета. Да ја дорастајниме продолжувајќи со исчитување на Антевите песни, есеи, критички осврти, студии, препеви… Тоа не му го должиме само на Анте. Тоа ѝ го должиме на македонската култура и на неговата и наша Македонија на која тој и нашите претходници – негови сомисленици го посветија не само творештвото, туку и животот“.



На 19 јуни средиште на втората промоција на Зборникот, која, исто така, мина во убава атмосфера, беше НУ Центар за култура„Трајко Прокопиев“ во Куманово. Ана Манасиевска, студент на Катедрата за македонска книжевност и литература на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во воведот даде кус пресек на досегашните изданија на меѓународната поетско-културна манифестација „Анте Поповски-Антево перо“. Притоа, посебно ги посочи петте дотогаш реализириани Конкурси за необјавена поетска книга на македонски јазик со доставени рекордни 392 наслови во конкуренција за наградата „Антево перо“, петте издадени победнички збирки, многуте поетски читања и, се разбира, двата одржани симпозиума со идентичен наслов „Антево дело“, од кои вториот со меѓународен карактер.Зборникот посветен на Антевото грандиозно дело, со одбрани зборови го претстави проф. д-р Кристина Николовска, која покрај другото, истакна: „Зборникот е значаен фундамент на големиот научен растајнувачки процес, кој

доживеа особен подем со појавата и активностите на „Меѓународната поетско-културна манифестација Анте Поповски – Антево перо“, која покрена одржување на меѓународен научен симпозиум кој во 2019 и во 2021 година во родното Лазорополе. Зборникот од 2021 година донесува драгоцени истражувања и интерпретации кои сериозно ја збогатуваат литературната и културолошката наука за делото на великанот Анте Поповски. Зборникот „вдоми“ дванаесет реферати од еминентни литературни научници, критичари, теоретичари, лингвисти, музиколози, културолози кои истражуваа, анализираа и толкуваа разни аспекти на грандиозното дело на поетот и академик Анте Поповски. Симпозиумот е континуум кој отвора нови, можни перспективи, преку кои темелно, продлабочено и студиозно се откриваат нови и неистражени аспекти, квалитети и вредности на неговиот опус“.

Присутните поклоници на културата во Куманово, имаа ретка можност да уживаат во изведбата и на беседата „Имајте ист век со сонцето“ (Анте и Македонија, Македонија и Анте.) Со својот препознатлив ораторски стил и јазик, проф. д-р Кристина Николовска, разгалувајќи ги видливо срцата на присутните, меѓу другото, рече:

И НА НЕБОТО МУ КАЖА

И на небото му кажа за Македонија

И на ѕвездите им шепна да ни се најдат

И на историјата на светлината и раскажа за нас

и очите и ги виде и таму не запиша

и каде ли се не не одведе големиот Анте,

та да не прослави со словото ни?!...

## Седници на жири-комисијата и доделување на наградите

По завршувањето на Конкурсот на 31 јули, жири-комисијата за доделување на наградата „Антево перо“во состав: проф. д-р Весна Мојсова Чепишевска (претседател), д-р Атина Цветаноска и Жорж Поповски (членови), го изрази своето задоволство од одличниот одзив и преку соопштение, јавно им упати благодарност на сите 73 творци кои се најдоа во конкуренција за престижното признание востановено во чест на академик Анте Поповски. Процесот на разгледување на пристигнатите збирки се одвиваше сукцесивно, но на самото донесувањена завршната одлука за главната и за придружните награди во периодот од 1-ви до 15-ти август, претходеа три средби на Комисијата, кои практично беа од елиминаторен карактер.

Притоа, жири-комисијата најпрво, издвои 12 поетски збирки кои беа селектирани во поширок избор за наградата „Антево перо“ и тоа: Шифра: Magna Mater –

„(Ре)инкарнација“, Александар Русјаков – „50 испеани приказни“, Ирена Павлова де Одорико – „Царски рез“, Елизабета Дончевска Лушин – „(не)ПРИПИТОМЕНА“, Коста Бојчески – „До дното“, Љубинка Донева – „Монолог на пирејот“, Милена Сиљаноска – „Болопадание“, Кирил Ангелов – „сновиденија“, Александра Спасеска – „Координати на болката“, Стела (Маја) Босилковска – „Невидлива е војната“, Томе Липовски – „А што да речам“ и Ѓорги Калајџиев – „Петна“. Дополнително, во поширок избор за наградата „Антев часовник“, која се доделува на млад автор за поетско творештво на македонски јазик со забележителни поетски квалитети, жири-комисијата издвои 5 збирки поезија и тоа: Матеја Талеска – „Улица на соништата“, Ана Ѓорчевска – „Копнеж по тебе“, Емануела Ковачевска Китановска – „Второ детство“, Светла Јакшиќ – „Ноќен суфлер“ и Александра Атанасова – „Душебол“. На следната средба, жири-комисијата за доделување на наградата, констатираше дека од листата на дванаесетте стихозбирки кои влегоа во поширока конкуренција, шест поетски наслови посебно се издвојуваат со нивниот квалитет. Како поетски книги кои го продолжуваат натпреварот, жирито ги селектираше збирките: „Монолог на пирејот“ на Љубинка Донева, „сновиденија“ на Кирил Ангелов, Координати на болката“ на Александра Спасеска, „А што да речам“ на Томе Липовски, „Болопадание“ од поетесата Милена Сиљаноска и „50 испеани приказни“ од авторот Александар Русјаков. Во потесен избор за наградата „Антев часовник“, која се доделува со цел откривање и афирмација на нови млади талентирани поети кои творат на македонски јазик и потстрек за нивното творештво, стручната комисија ги номинираше следните 3 збирки: „Второ детство“ на Емануела Ковачевска Китановска, „Ноќен суфлер“ на Светла Јакшиќ и „Душебол“ на Александра Атанасова.




На состанокот одржан на 14-ти август жирито пристапи кон донесување на завршната одлука и по темелна анализа и плодна дискусија, го соопшти името на победникот на Конкурсот што подразбира печатење на наградената стихозбирка во специјалната едиција на наградени автори. Комисијата изгради став и за носителите на придружните награди кои се доделуваат во рамките на „Манифестацијата Анте Поповски-Антево перо“. Комисијата едногласно донесе одлучи наградата „Антево Перо“ за 2023 година да ѝ припадне на стихозбирката „50 испеани приказни“ од Александар Русјаков. Според жирито, со оваа поезија, Русјаков соопштува универзални, но важни поетски пораки доближувајќи се до ѕвездените корени на Анте Поповски во кои секоја песна се раѓа и вечно живее. Комисијата едногласно одлучи наградите „Антев златник“ за 2023 година да ги додели на Милена Сиљаноска за стихозбирката „Болопадание“ и Александра Спасеска за стихозбирката „Координати на болката“, додека наградата „Антев часовник“ да ѝ припадне на стихозбирката „Ноќен суфлер“ на поетесата Светла Јакшиќ.




Согласно конкурсните пропозиции, Здружението за зачувување на делото на Анте Поповски - АНТЕВО ПЕРО Скопје, непосредно по објавувањето на името на добитникот на престижната награда „Антево перо“ за 2023 година, покрена активности и за збогатување на специјалната едиција наградени автори, победници на Конкурсот за необјавена поетска книга на македонски јазик со победничката збирка „50 испеани приказни“ од мултиталентираниот автор Александар Русјаков. Книгата излезе од печат на 24 септември во издание на издавачката куќа ТРИ,а нејзината промоција и врачувањето на првиот отпечатен примерок, Здружението ги закажа во рамките на централната свеченост на Меѓународната поетско-културна манифестација „Анте Поповски – Антево перо“.

## ДОДЕЛЕНА НАГРАДАТА „АНТЕ ПОПОВСКИ - АНТЕВО ПЕРО“ ЗА 2023 ГОДИНА



Доделувањето на наградата„Антево перо“ за 2023 година се одржа во рамките на централната свеченост на поетско-културната манифестација „Анте

Поповски – Антево перо“ на 27 септември во Музејот на македонската борба за самостојност.Во пријатна и емотивна атмосфера, во докрај исполнетата сала, присутните имаа можност да проследат видео материјали со кус рецитал на академик Анте Поповски, но и снимки од негови песни во интерпретација на артистката Софија Гогова Врчаковска. Во име на жири-комисијата, се обрати д-р Атина Цветаноска, а со искрени и емотивни говори се заблагодарија добитниците на наградите – Александар Русјаков, Милена Сиљаноска, Александра Спасеска и Светла Јакшиќ. По доделувањето на наградите се одржа и поетско читање, во кое освен наградените автори зедоа учество и неколку други учесници на годинешниот конкурс.



„Музејот на македонската борба за самостојност ечеше од патриотизам, ама оној суштинскиот, кога гледаш и слушаш млади луѓе како зборуваат, пишуваат, рецитираат, творат, мислат, дишат и го возљубуваат македонскиот дух и јазик. Во духот на Непокорот на ,,Антевото перо", неговите Родописи, Тајнописи и Љубописи, како да најдоа свои вериги и нови поетски семејства во творбите на наградените поетољупци. Додека ги слушав ја видов иднината на Македонија, надеж дека има генерации вљубени во македонскиот јазик и сентимент“, запиша меѓу другото на својот фејсбук профил професорката Татјана Алексиќ, изнесувајќи ги своите импресии од овој настан.

## ОМАЖ- 20 ГОДИНИ ОД УПОКОЈУВАЊЕТО НА АНТЕ ПОПОВСКИ



Во 2023 година се навршија две децении од упокојувањето на писателот и академик Анте Поповски. Тоа беше првичниот повод, но и мотивација на Здружението, во својата годишна програма да зацрта, а кога ќе дојде времето и да организира пригоден Омаж со кој почитувачите на творештвото на Поповски и неговите современици, роднини и пријатели ќе се потсетат на неговото творечко и



животно битисување. Како второ, мотивацијата за одржувањето на Омажот на некој начин и имплицитно и експлицитно е формулирана и содржана и во мисијата, односно визијата на Здружението – да организира настани на кои се негува, чува и промовира делото на поетот, есеист и културен деец, академик Анте Поповски.

Низ поводно одбраната програма за овој културен настан, кој се одржа во салонот „Империјал 2“ при Културно-информативниот центар – Скопје, мошне суптилно и со одбрани зборови водеше м-р Митра Блажевска, а со гласот на Анте Поповски и интерпретација на негови стихови од артистот Славко Нинов, преполното гледалиштесе потсети уште еднаш на ликот и делото на овој наш книжевен великан. За творечкиот гениј и придонесот на Поповски за развојот на македонската култура, и особено на литературата, со пиетет и вдахновеност беседеше проф. д-р Венко Андоновски,



дописен член на МАНУ: - „Анте Поповски е вертикала на светската поезија, а тоа што ние го имаме во Македонија е наша среќа и треба да ја препознаеме дури и во негово отсуство. Задача на поетот е да го види невидливото, а Антевата поезија сведочи за невидливото. И тоа е универзалното значење на неговата поезија што и дава значење на светска",оцени Андоновски. Од публикувањето на збирката „Вардар" во 1959 година, Анте ја има за константа Македонија, а сите, кои ја толкуваат таа лирика како патриотска сврзана за една држава, треба да имаат предвид дека Анте пее за една невидлива Македонија, посочи Андоновски. „Анте сака да ја искаже онаа Македонија која не е искажана, онаа која е милениумски проект на космосот, онаа за која тој тврдеше и дека дала еден хемиски елемент во Менделеевата табличка на елементите – Македониум. Тоа е таа составка без која космосот не може да се растајни. За него Македонија е шифрата на растајнување на космосот, посебно во неговата поетска круна „Света песна" додаде Андоновски.

Присутните на овој книжевен портрет на Поповски, имаа неповторлива можност да уживаат и во врвната артистичка интерпретација на Софија Гогова Врчаковска на дел од првото пеење „Каин и Авел" од грандиозното дело на Поповски „Света песна", која со долготраен аплауз беше вратена на бис. За повеќедецениско актерско мајсторство при интерпретацијата иафирмацијата на творештвото на Анте Поповски, пред сѐ на програмите на Македонската радио и телевизија, но и на повеќе настани организирани во негова чест по разни поводи, на Врчаковска од страна на членот на Здружението - Александар Поповски, ѝ беше врачено почесното признание „Антева златна книга". Признанието се состои од фототипно издание на збирката „Две тишини" позната и како „Париска тетратка".Освен Врчаковска, која заблагодарувајќи се на наградата со силна возбуда потсети на одделни епизоди од соработката со Анте Поповски, за своите релации со бележитиот претставник на македонската модерна книжевност, но и лекар по професија Анте Поповски, кусо обраќање имаше и проф. д-р Миодраг Врчаковски.

Во знак на благодарност и почит за исключителната поддршка од бележитиот македонски современ поет, академик Анте Поповски кон долгогодишната мисија „Цвеќе на мирот", уметникот и хуманист Живко Поповски – Цветин, на Здружението му врачи, „Цветинова награда за мир"!



## ПРОМОВИРАНА ВЕБ СТРАНИЦА ПОСВЕТЕНА НА АНТЕ ПОПОВСКИ

Во функција на доосветлување на високите уметнички и творечки достигнувања на Поповски, д-р Атина Цветаноска - член на Здружението, ја промовираше комбинираната веб-страница https://antepopovski.wordpress.com која е дел од првата фаза на дигитализацијата на целокупната оставнина на овој наш истакнат поет. Креирањето и развивањето на веб-страница посветена на Анте Поповски е прво претставување на овојавтор на таков начин. Страницата содржи бројни значајни податоци за животниот пати творештвото на Анте Поповски, критики, огледи и монографски трудови за неговите дела, неговата културна и општественадејност, мноштво информации за шесте досегашни изданија на меѓународната манифестација „Анте Поповски – Антево перо“, но и податоци за Здружението кое се грижи за чување и афирмација на Антевото дело. Поставувањето на оваа веб-страница и нејзиното натамошно континуирано ажурирање, несомнено ќе овозможи полесен пристап до податоците за овој автор, што ќе биде од особена корист засите ученици, студенти, проучувачи на неговото дело, но и за сите оние што сакаат да дознаат повеќе за животот и делото на АнтеПоповски.

## СОРАБОТКА СО НУ „МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА ЗА САМОСТОЈНОСТ“

Воспоставената соработка на членовите на Здружението со НУ „Музеј на македонската борба за самостојност“ продолжи да се продлабочува и во 2023 година, во рамките на проектот „Изложба–Омаж за Анте Поповски (1931-2003)“, кој од страна на Министерството за култура претходно беше одобрен и стана дел од Годишната програма на Музејот. Проектот опфаќа подготовка на изложба која содржи повеќе видови на предмети, материјали и документи кои беа подарени од семејството на Поповски, а нивното документирање, начин на изложување и креирањето на целата изложба го спроведе Музејот. За Изложбата беше подготвен каталог, кој е составен согласно историските музејски стандарди и во целост ја следи музејската приказна, низ која, на посетителите ќе им биде презентиран ликот и делото на Анте Поповски. Д-р Атина Цветаноска - член на Здружението, за време на целиот овој процес активно учествуваше во реализацијата на каталогот,а на консултативните состаноци одржани на 30 мај и на 23 јуни 2023 година, се разговараше за концептот на изложбата и нејзиното значење, при што суштински и длабински се навлезе во повеќе сегменти од животниот пат и делото на Анте Поповски. Целосното спроведување на овој проект на Музејот допрва ќе следи, а е од есенцијално значење за сите граѓани и ќе придонесе за подобро претставување, приближување и запознавање со

животот и творештвото на истакнатиот македонски поетски великан Анте Поповски. Истовремено преку оваа активност, значително се збогатува и зголемува музејскиот фонд и се овозможува поголема атрактивност на Музејот што ќе резултира и со негова поголема посетеност.

## Поднесена апликација на Годишниот конкурс на Министерството за култура

Веќе првиот ден по распишувањето од страна на Министерството за култура на Годишниот конкурс за финансирање на проекти од национален интерес, Здружението за зачувување на делото на Анте Поповски АНТЕВО ПЕРО Скопје, ја поднесе својата Апликација со која јасно стави на знаење дека е заинтересирано, проектот меѓународна поетско-културна манифестација „Анте Поповски – Антево перо“ да биде дел од Програмата која ќе биде поддржана со финансиските средства наменети за развој на културата во Република Северна Македонија. Со верба дека овојпат предложените  активности ќе бидат соодветно подржани, Здружението порача оти реализацијата на грижливо концепираната апликација во која е нотирана богата, уметничка и иновативна програма, недвојбено ќе придонесе за натамошна промоција на македонската книжевна продукција и ќе се поттикнува македонската книжевна наука. За таа цел, Здружението и во 2024 година, како примарна своја активност го зацрта распишувањето на традиционалниот Конкурс за необјавена поетска книга на македонски јазик во конкуренција за наградата „Антево перо“, пред сѐ поради фактот што пристигнатите рекордни поетски ракописи (465 збирки), во изминатите шест изданија на конкуростт, се јасен показател дека ниту една друга книжевна награда на поетска манифестација кај нас нема предизвикано толкав интерес за доставување поетски ракописи, ниту пак преку друга награда е поттикнат толкав број на нови и квалитетни поетски книги. Дополнително, во рамките на Манифестацијата, ќе бидат реализирани и повеќе проекти кои ќе бидат во насока на промоција, чување и конзервација на ликот и делото на Анте Поповски.

## Седници на Собранието на Здружението

Во функција на размена на мислења и донесување на заеднички одлуки по најзначајните прашања кои произлегоа од осмислувањето и реализацијата на манифестацијата Антево перо“, а согласно една од статутарните одредби, во 2023 година се одржаа три седници на Собранието на Здружението. На нив, меѓу другото, беше усвоен Годишниот извештај за работа на Здружението во во 2022 година, беше донесена програма за неговата работа во 2023-2024 година, беше усвоена Информацијата за доделените средства од страна на Министерството за култура за реализација на шестото издание на Манифестацијата „Антево перо“. Во знак на незадоволство од износот на средствата, се донесе и Одлука за вложување на Жалба против Решението на ресорното министерство. Собранието се произнесе и за датумот на распишување натрадиционалниот Конкурс за необјавена поетска книга на македонски јазик, потоа за местото и датумот на кој

се одржаа двете промоции на Зборниците кои произлегоа од двата научни собира одржани во родното село на Анте Поповски – Лазорополе. На една од седниците членовите на Здружението заеднички ги утврдија и датумите за одржување на централниот настан за врачување на традиционалните награди и поетското читање на наградените автории на Омажот предвиден по повод 20 годишнината од упокојувањето на македонскиот поетски великан Анте Поповски. Основачите на Здружението на собраниска седница ги утврдија носечките пунктови за следното седмото издание на Манифестацијата „Антево перо“, а кои беа содржани и акцентирани во апликацијата поднесена на Конкурсот што во почетокот на ноември го распиша Министерството за култура. По однос на приходите и расходите, Собранието го прифати Финансискиот Извештај и заседе став истиот поткрепен со наративен извештај да се поднесе во законскиот рок до Министерството за култура. Со оглед на тоа што финансиските средства со кои располагаше Здружението не ја надминаа сумата од 2.500 евра во денарска противвредност, се зазема став на почетокот од 2024 година до Централниот регистар да се поднесе Известување /Одлука согласно законските одредби во вакви случаи дека Здружението не е обврзано да поднесува финасиски извештај.

## Реализирани медиумски активности

Пред, за време, но и по секој настан, Здружението практикуваше до медиумите да достави ПР текстови, со цел да се предизвика љубопитност и заинтересираност на што побројна и поширока публика, но и мотивираностна целната група – какви што на пример беа написите наменети за учесниците на Конкурсот за необјавена поетска книга на македонски јазик во конкуренција за наградата „Антево перо“. Уште поагилен беше односот на Здружението, кога станува збор за ажурирањето на неговата фејсбук-страница, која често беше надополнувана со информации и нови постови, кои беа корисни, пред сè, за поетите кои по првпат се одважија да учествуваат на Конкурсот и во натпреварот за наградата „Антево перо“, но и за учесниците кои творат на македонски јазик, а живеат во странство.

Членот на Здружението Александар Поповски, кон средината на месец




септември, гостуваше во емисијата „Везилка“ на ТВ Алфа. Притоа тој во детали го најави претстојниот централен настан на манифестацијата „Антево перо“ на кој се изврши свеченото врачување на традиционалните награди „Антево перо“,„Антев златник“ и Антев часовник“ и ги претстави наградените автори и други учесници на Конкурсот. Во контекст на заложбата на Здружението во секоја прилика и по секој повод да го афирмира и чува од заборав делото на македонскиот поетски великан, Александар Поповски, се фокусира и на

пристапната беседа на Анте Поповски за член на МАНУсо наслов „Коренитена моето детство во Мијачијата“која предизвика позитивни реакции меѓу присутните во студиото, но и кај гледачите крај малите екрани.

Претседателот на Здружението  Жорж Поповски во октомври, гостуваше во емисијата „Неделен микс“ на Телевизија 24. Повод за 25 минутниот разговор со домаќинот, новинарката Марија Латиновска, беше 20-годишнината од упокојувањето на академик Анте Поповски, но и текот на шестото издание на Меѓународната поетско културна манифестација „Анте Поповски-Антево перо“,односно прогласувањето на победникот и неговите придружници.Во емисијата за првпат пред јавноста, беа изнесени и одделни помалку познати детали заделото, творештвото и битисувањето на еминентниот македонски поет и академик Анте Поповски,неговиот придонес за македонската литература и култура пошироко, но и неговиот ангажман како општественик, кој извршувал одговорни државни функции.

Членот на Здружението Александар Поповскиво гостување во емисијата „Витраж“ на првата програма на МРТВ, во октомври се осврна на шестото издание на Манифестацијата „Антево перо“,ставајќи го акцентот на централниот настан и на Омажот по повод 20 годишнината од смртта на академик Анте Поповски. Тој воедно и визуелно ги претстави шесте досега објавени книги во едицијата победнички автори, како и двата Зборника со ист наслов „Антево дело“, во кои се публикувани на едно место научните трудови презентирани на двата научни собира одржани во 2019 и 2021 година во родното село на поетот- Лазорополе.

## Конкретизирана соработка со ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци“

На самиот крај од 2023 година, во ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци“ – Скопје претседателот на Здружението Жорж Поповски и членовите Александар Поповски и Атина Цветаноска, оствария средба со Снежана Стојчевска – директорка на ГБСК и со Александра Јуруковска – библиотекар (Оддел за популаризација на книгата). Притоа се разговараше за можната соработка во насока на дигитализација на делото на Анте Поповски, кое би опфаќало две пошироки подрачја: книжен фонд и некнижен фонд. Претставниците на Здружението предочија дека тие во голем дел веќе имаат направено дигитализација на делото на академик Поповски и искажаaготовност да ги отстапат целосно материјалите со цел да бидат прикачени на дигиталниот оддел на Библиотеката. Двете страни се согласија почетокот и крајот на процесот на дигитализацијата соодветено да бидат испромовирани и во јавноста, а заокружувањето на дигитализацијата би се одбележало со пригоден настан на крајот од 2024 година.

# ФИНАНСИСКИ ПРЕГЛЕД

Независно што по шести пат меѓународната поетско - културна манифестација „Анте Поповски-Антево перо“ доби финансиска поддршка на Годишниот конкурс на ресорното министерство, како проект од национален интерес во културата, реализацијата на грижливо концепираната инвентивна, содржајно богата и разновидна програма, за жал, се одвиваше во тешки финансиски околности. Надлежната комисија од Министерството за реализација на планираните настани на Здружението му додели несоодветно недоволни средства, што отвори можност некои предвидени настани да се одложат или воопшто да не се одржат. Финансискиот недостиг сепак беше надминат со лични средства кои ги обезбедија членовите на Здружението Жорж и Александар Поповски. Сите средства беа потрошенисоодветно, а непосредно по исцрпувањето на последната содржина, како што налагаат правилата, од страна на Здружението до Министерството за култура беше доставен поширок наративен преглед на реализираните активности и секако детален финансиски извештај за потрошените средства. Бидејќи финансиите со кои располагаше не надминаа износ од 2 500 евра во денарска противвредност, Здружението согласно член 18 од Законот за сметководство на непрофитните организации („Службен Весник“, бр. 24/03, 17/11  154/15)  достави Одлука до Централен регистар на Република Северна Македонија со која извести дека нема законска обврска да подготви и достави финансиски извештаи за 2023 година.

**Адреса/Седиште**
**Ул. „Народен фронт“ 5-10, 1000 Скопје**
**Телефон: 074/220-889**
**Web:https://antepopovski.wordpress.com/**
**e-mail:zdruzenieantevopero@gmail.com**